Врз основа на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Битола, а во врска со Програмата за дочек на Новата 2026 година, Општина Битола објавува:

# ОГЛАС бр. 01/2025
## ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА – КУЌАРКИ ЗА ПРОДАЖБА НА ХРАНА, ПИЈАЛАЦИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ КАЈ ОФИЦЕРСКИ ДОМ

Општина Битола издава урбана опрема - типизирани куќарки за комерцијално користење со намена продажба на храна, пијалаци и други производи кај Офицерски дом во Битола, за периодот од 20.12.2025 до 07.01.2026 година.

**I. Урбана опрема за продажба на храна, пијалаци и други производи:**

➢ вкупно **13 (тринаесет)** типизирани куќарки за продажба на храна, пијалаци и други производи, поставени на **патеката кај Офицерскиот дом,** од кои **9 (девет)** типизирани куќарки со површина од **6 м2** и **4 (четири)** типизирани куќарки со површина од **4 м2**.

**Урбаната опрема ќе се издава за времетраење од 20.12.2025 до 07.01.2026 година.**

**II. Почетна цена за издавање на урбана опрема е:**

- затворена урбана опрема – типизирана куќарка за продажба на храна, пијалаци и други производи, поставена на патеката кај Офицерскиот дом со почетна цена од **18.000,00 (осумнаесет илјади) денари.**

Почетните цени за издавање на урбана опрема и локациите се однесуваат за периодот од 20.12.2025 до 07.01.2026 година.

**Во почетната цена за издавање на урбана опрема се содржани трошоците за комунална такса, одржување на хигиена, приклучок и трошок за електрична енергија.**

**III. Обврски на закупецот:**

- Целиот износ од договорениот надомест за закуп да го плати во рок од 8 (осум) дена од денот на склучувањето на договорот;

- Да ја одржува урбаната опрема која ја закупил и по завршувањето на договорот за закуп истата да ја предаде на закуподавачот во состојба каква што ја презел од него;

- Да овозможи непречен увид на урбаната опрема од страна на закуподавачот во секое време, со или без претходна најава за истото;

- Да ја ограничи потрошувачката на електрична енергија во закупената урбана опрема до 3 KW/h. Грејните тела да користат други алтернативни горива.

- Да користи плин како гориво при употреба на кујнски апарати (скара, рерна и сл.). Забрането е користење на дрва, ќумур или други видови како гориво.

- На видно место од закупената урбана опрема да го истакне називот на правното лице, како и ценовникот за давање на угостителски услуги кој не смее да биде со димензии помали од 60 x 40 цм.

- Да користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања за да може да издава сметка за извршениот промет, односно услугата согласно Законот за регистрирање на готовински плаќања.

- Да ги почитува сите обврски кои ги презел со договорот за закуп.

Договорите со најповолните понудувачи ќе се склучат за периодот од 20.12.2025 до 07.01.2026 година.

**IV. Доставување на понуди**

5.1. Право на учество на јавниот повик за изнајмување на урбана опрема има секое правно лице кое има регистрирано деловно седиште во општина Битола, не е во постапка за стечај или ликвидација и врши дејност која вклучува продажба на храна, пијалаци, односно угостителска дејност, предвидена во Националната класификација на дејности.

5.2. Секое правно лице има право да аплицира на јавниот оглас само за една куќарка. Доколку по увид во приложената документација, се утврди дека исто физичко лице е управител, овластено лице или сопственик на најмалку два понудувачи, или пак најмалку два понудувачи имаат седиште на иста адреса, нивните понуди ќе бидат отфрлени и нема да можат да учествуваат на јавното наддавање.

5.3. На избраниот најповолен понудувач му се забранува изнајмување или пренесување на правото на користење на урбаната опрема односно просторот-локацијата на трети лица. Комисијата за спроведување на постапката има право да изврши контрола во куќарките за да утврди дали во нив врши дејност избраниот понудувач.

5.4. Понудувачот треба да достави:

• Понуда на унифициран образец кој може да се подигне на шалтери во Општина Битола или на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk

• Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ

• Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистар на РСМ

• Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот (заверена кај нотар);

• Изјава за прифаќање на условите од Оглас бр.01/2025 за прибирање на понуди за користење на урбана опрема- куќарки за продажба на храна, пијалаци и други производи кај офицерски дом (заверена кај нотар);

• Потврда дека не е во постапка за стечај издадена од Централен регистар на РСМ;

• Потврда дека не е во постапка за ликвидација издадена од Централен регистар на РСМ;

• Фотокопија од лична карта на управителот;

**Приложените документи да не бидат постари од 30 дена од денот утврден како краен рок за доставување на понуди.**

**V. Начин на доставување на понуда**

Понудата треба да се достави во затворен плик со назнака:

**„НЕ ОТВОРАЈ“**
**ОПШТИНА БИТОЛА**
Комисија за спроведување на оглас за прибирање понуди за издавање на урбана опрема и простор за поставување на урбана опрема бр. 01/2025
ул. „Булевар Први Мај“ бр.61 Битола

**Понудите да се достават најдоцна до 24.11.2025 година во 12:00 часот.**
**Понудите се доставуваат лично во Архивата на Општина Битола**

НАПОМЕНА:

Комисијата не сноси одговорност за ненавремена и неуредна достава на понудите.

Пример за адресирање на плик за достава на понуда:

| | |
|---|---|
| **"НЕ ОТВОРАЈ“**<br><br>„Да не се отвора пред 24.11.2025<br>Оглас бр.01/2025” | **Општина Битола**<br><br>Комисија за спроведување на оглас за прибирање на понуди за издавање на урбана опрема бр. 01/2025<br><br>Ул. „Булевар Први Мај“ бр. 61 Битола |

Општина Битола нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата, нејзино предвремено отворање или губење на истата.

**VI. Јавно отворање на понудите**

Јавното отворање на понудите ќе се изврши по истекот на крајниот рок за доставување на понудите, на 24.11.2025 година во 12:00 часот.

**VII. Јавно наддавање**

➢ Јавното наддавање ќе се одржи по евалуација на доставените понуди и во истото ќе можат да учествуваат понудувачите кои ги исполниле условите предвидени во овој оглас.

**➢ Јавното наддавање ќе започне на ден 26.11.2025 година со почеток:**

**- за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом од 12:00 часот**

**➢ Јавното наддавање ќе се одвива во една од просториите на главната општинска зграда.**

➢ Јавното наддавање ќе се спроведе со прибирање на нови повисоки понуди од првичните, во затворени пликови, во три последователни круга.

➢ За избрани ќе се сметаат тринаесетмината понудувачи кои понудиле највисоки цени за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом, по последниот круг од јавното наддавање.

**Предмет на јавното наддавање ќе биде вкупната конечна цена, за периодот од 20.12.2025 до 07.01.2026 година.**

**Повисоко рангираниот понудувач има предност при избор на куќарка за време на примопредавањето.**

**VIII. Склучување на договори**

Договори ќе се склучат со тринаесетмината понудувачи кои понудиле највисоки цени на јавното наддавање за куќарките поставени на патеката кај Офицерски дом, согласно точката 7 од овој повик.

Договорите со најповолните понудувачи ќе се склучат најдоцна во рок од 5 дена од завршување на јавното наддавање. Доколку најповолниот понудувач по негова вина не склучи договор за закуп, договорот ќе биде склучен со следниот рангиран понудувач по понудувачите од став 1.

Доколку понудувачот кој склучил договор, во определениот рок не го плати договорениот надомест за закуп, договорниот орган нема да изврши примопредавање на закупената урбана опрема, а на негово место стапува следниот рангиран понудувач по понудувачите од став 1, со кој ќе се склучи договор за закуп на предметната урбана опрема.

Секој понудувач може да достави приговор во врска со јавното наддавање, во рок од еден работен ден од завршувањето на јавното наддавање, до градоначалникот на Општина кој за приговорите ќе одлучува во рок од еден работен ден по завршувањето на рокот за поднесување на приговорите.

**Комисија за спроведување на постапката<br>за издавање на урбана опрема бр.01/2025**